Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
Бр. 05-1107/3
28.04.2020 година

Скопје

Врз основа на член 77 одЗаконот за јавни набавки („Службен весник на РСМ број 24/2019 од 01.02.2019 година"), а согласно Усогласениот план за јавни набавки број 05-13/1 од 02.01.2020 година по овластивање на министерот за правда заменик Министерот за правда Оливер Ристовски ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**За измена на Одлуката за набавка на стоки – Обнова на лиценци за софтверски пакет зза канцелариско работење Microsoft office 365 Pro Plus**

1. Се врши измена на точката 2 од Одлуката за набавка на стоки – Обнова на лиценци за софтверски пакет зза канцелариско работење Microsoft office 365 Pro Plus заведена под број 05-1107/2 од 02.03.2020 година на начин сто се зголемува проценетата вредност на набавката и истата ќе гласи:
„ За задоволување на потребата од точка 1 на оваа одлука се утврдуваат средства во вкупен износ од 532.600,00 без вклучен ДДВ, ДДВ во вредност од 26.630,00 денари или вкупна вредност со вклучено ДДВ - 559.230,00 денари.
Плаќањето ќе се изврши од редовна буџетската сметка на Министерство за правда 637, Програма 10-Администрација, Ставка 424 – поправки и тековно одржување, средства предвидени во буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година."

2. Во останатиот дел Одлуката за набавка на стоки – Обнова на лиценци за софтверски пакет зза канцелариско работење Microsoft office 365 Pro Plus заведена под број 05-1107/2 од 02.03.2020 година останува непроменета.

Образложение

Министерството за правда со Одлуката за набавка на стоки – Обнова на лиценци за софтверски пакет зза канцелариско работење Microsoft office 365 Pro Plus заведена под број 05-1107/2 од 02.03.2020 година спроведе постапка од мала вредност согласно член 48 од Законот за јавни набавки. Отварањето на понудите се одржа на 01.04.2020 година. По отварањето на 4 (шетири) понуди доставени од страна на 4 (четири) економски оператори и спроведената евалуцијата на понудите беше закажана електронска аукција.

Digitally signed by Oliver Ristovski
Date: 2020.04.28 14:06:23 CEST

Scanned with CamScanner

По спроведената електронска аукција најповолната понуда е со износ од 532.600,00 денари без ДДВ односно истата е повисока за 32.600,00 денари од проценетата вредност на набавката.

Со оглед на важноста на набавката како и согласно член член 77 став 5 од Законот за јавни набавки се врши измена на Одлуката за набавка на стоки – Обнова на лиценци за софтверски пакет зза канцелариско работење Microsoft office 365 Pro Plus заведена под број 05-1107/2 од 02.03.2020 година.

Доставено до:

- Сектор за финансиски прашања

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА**

**По овластување на Министер за правда**

**Заменик Министер**

**Оливер Ристовски**

Scanned with CamScanner